19. VI. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 9 јуни 1989
Скопје
Број 23 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 3.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**395.**

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Црвениот крст на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 27/77, 3/85, 10/85 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ШТО СЕ НАПЛАТУВА ВО ПОЛЗА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот што се наплатува во полза на Црвениот крст на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 44/88), член 1 се менува и гласи:

„Висината на придонесот на секоја продадена влезница за приредба и на секоја продадена грамофонска плоча и музичка касета, освен за грамофонски плочи и снимени видео-касети, магнетофонски и магнетни траки од областа на науката, образованието и уметноста, што се наплатува во полза на Црвениот крст на Македонија изнесува 5% од вредноста на влезницата односно грамофонската плоча и музичка касета“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-512/6
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**396.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНАТА РЕПУБЛИЧКА СМЕТКА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА СОЛИДАРНОСТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

1. Од Посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард се издвојува износ од 170.000.000 динари за заштита на корисниците на основните права на социјалната заштита.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1225/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**397.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Делот од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година, распореден во Раздел 65, позиција 587 — Регрес на основни земјоделски производи, во износ од 1.544.896 000 динари се користи за остварување на социјално-заштитните права.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1224/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**398.**

Врз основа на член 110 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ И КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

I

Во Одлуката за висината на надоместокот за користење на податоците од премерот и катастарот на недвижностите, бр. 23-690/1 од април 1987 („Службен весник на СРМ“ бр. 16/87), во Тарифата се вршат следните измени:

Во точка 1. ГЕОДЕТСКА ОСНОВА
Тарифен број 1

Во точка „а“ бројот „1.000“ се заменува со бројот 20.000, во точка „б“ бројот „600“ се заменува со

бројот 20.000 во точка „в“ бројот „800“ се заменува со бројот 15.000.

Во точка 2. КОПИИ ОД ПЛАНОВИ
Тарифен број 2

Под точка а.
Под 1 бројот „10.000“ се заменува со бројот 100.000
под 2. бројот „18.000“ се заменува со бројот 100.000
под 3. бројот „20.000“ се заменува со бројот 150.000
под 4. бројот „20.000“ се заменува со бројот 150.000

Под точка б.

Под 1. бројот „6.000“ се заменува со бројот 50.000
под 2. бројот „10.000“ се заменува со бројот 50.000
под 3. бројот „12.000“ се заменува со бројот 75.000
под 4. бројот „12.000“ се заменува со бројот 75.000

Точка в.

Под 1. бројот „500“ се заменува со бројот 50.000
под 2. бројот „1000“ се заменува со бројот 50.000
под 3. бројот „1000“ се заменува со бројот 75.000
под 4. бројот „1000“ се заменува со бројот 75.000
Во точка 3. КАРТИ
Тарифен број 3
Точка а.
Под 1. бројот „1.000“ се заменува со бројот 20.000
под 2. бројот „500“ се заменува со бројот 10.000
под 3. бројот „500“ се заменува со бројот 10.000
под 4. бројот „1.000“ се заменува со бројот 5.000
под 5. бројот „1.000“ се заменува со бројот 5.000
под 6. бројот „500“ се заменува со бројот 5.000
под 7. бројот „500“ се заменува со бројот 5.000
под 8. бројот „500“ се заменува со бројот 5.000
Точка б.
Под 1. бројот „10.000“ се заменува со бројот 50.000
под 2. бројот „6.000“ се заменува со бројот 30.000

Во точка 4. ФОТОМАТЕРИЈАЛИ
Тарифен број 4
Под точка а., бројот „6.000“ се заменува со бројот 30.000

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1117/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**399.**

Врз основа на член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), а во врска со точка 1 од Одлуката за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност на определени производи и услуги („Службен весник на СРМ“ бр. 49/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ДНЕВНИТЕ ИНФОРМАТИВНО-ПОЛИТИЧКИ ВЕСНИЦИ „НОВА МАКЕДОНИЈА“, „ФЛАКА Е ВЛАЗРИМИТ“ И „БИРЛИК“

1. Се дава согласност на Одлуката за зголемување на цените на дневните информативно-политички весници бр. 02-I-2949 од 23 мај 1989 година на НИП РО „Нова Македонија“ — Скопје.

2. Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на дневните информативно-политички весници „Нова Македонија“, „Флака е влазримит“ и „Бирлик“ („Службен весник на СРМ“ бр. 17/89)

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1212/1
2 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**400.**

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за самостојно вршење дејност со личен труд („Службен весник на СРМ“ бр. 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ШТО СЕ ВРШАТ ВО ДЕЛОВНА ПРОСТОРИЈА

1. Со оваа одлука се определуваат дејностите што се вршат во деловна просторија, според Одлуката за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 34/76, 62/77, 72/80, 77/82, 71/83, 68/84, 76/85, 28/86, 72/86, 27/87 и 63/88), со стандардните називи и шифри на областите, гранките, групите и подгрупите на стопанските и општествени дејности, и тоа:

| Гранка | Група | Подгрупа | Назив и опис на дејноста |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | ОБЛАСТ | 01 | — ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВО за сите гранки, групи и подгрупи, освен за: |
| 0112 | 01122 | 011220 | — производство на огноотпорен материјал |
| 0120 | 01200 | | — производство на камен, чакал и песок со сите подгрупи |
| 0121 | — | — | — производство на градежен материјал со сите групи и подгрупи |
| 0122 | 01220 | — | — производство на режана граѓа и плочи, освен |
| — | — | 012201 | — производство на режана граѓа |
| | ОБЛАСТ | 07 | — ТРГОВИЈА со сите гранки, групи и подгрупи |
| | ОБЛАСТ | 08 | — УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ со сите гранки, групи и подгрупи |
| | ОБЛАСТ | 09 | — ЗАНАЕТЧИСТВО И ЛИЧНИ УСЛУГИ со гранки, групи и подгрупи, освен за: |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 0901 | 09012 | — | — изработка и поправка на метални производи |
| | | 090121 | — поправка и одржување на друмски возила |
| | | 090122 | — поправка и одржување на производи на прецизна механика |
| | | 090124 | — услуги на метало-преработувачкото занаетчиство на домаќинства |
| | | 090129 | — други услуги на метало-преработувачкото занаетчиство |
| | 09013 | — | — Изработка и поправка на електро технички производи |
| | — | 090131 | — Поправка и одржување на електрични апарати за домаќинства |
| | — | 090132 | — Поправка и одржување на радио, телевизиски и телефонски апарати и уреди |
| | — | 090139 | — Поправка и одржување на електрични машини и други електро-технички апарати и уреди |
| | — | 090209 | — Други лични услуги и услуги на домаќинства |
| | ОБЛАСТ | 11 | ФИНАНСИСКИ, ТЕХНИЧКИ И ДЕЛОВНИ УСЛУГИ за сите гранки, групи и подгрупи, освен за: |
| 1104 | 11040 | 110405 | — Премерување и картирање на земјиште |
| — | — | 110406 | — Испитување на градежен материјал и земјиште |
| 1105 | 11050 | 110500 | — Геолошки истражувања |
| 1106 | — | — | — Истражувачко — развојна работа (освен научно истражувачка) |
| | ОБЛАСТ | 12 | ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА, КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ за сите гранки, групи и подгрупи |
| | ОБЛАСТ | 13 | ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА за сите гранки, групи и подгрупи |

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на дејности што се сметаат за занаетчиски дејности, Одлуката за определување на дејностите што се сметаат за домашно ракотворење и Наредбата за определување на занаетчиски дејности што задолжително се вршат во деловна просторија („Службен весник на СРМ", бр. 45/87).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1240/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**401.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува од должноста потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи Димитар Николовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1288/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**402.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Димитар Николовски, досегашен потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1289/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**403.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува од должноста советник на републичкиот секретар за внатрешни работи Миле Новаковски, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1290/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**404.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи Стево Бошнакоски, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1291/1
1 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**405.**

Врз основа на член 37 од Законот за општествените совети и за републичките општествени совети („Службен весник на СРМ" бр. 24/80) и член 45 од Деловникот на Општествениот совет за прашања на општественото уредување, Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување, на седницата одржана на 30 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА ПРАШАЊА НА ОПШТЕСТВЕНОТО УРЕДУВАЊЕ

1. За претседател на Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување со мандат од една година, се избира Тито Беличанец, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 28-1/17
31 мај 1989 година
Скопје

Претседавач на Советот,
**Киро Поповски**, с. р.

**406.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека членовите 14, 16 и 19 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во Основното училиште „Христијан Карпош" во Куманово, донесен со референдум на 26 декември 1985 година, во времето на важењето не биле во согласност со Уставот на СР Македонија и со Законот за станбените односи.

2. Оваа одлука има дејство на одлука на Судот со која се укинува самоуправен општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означеното основно училиште на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

4. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, загоа што со нив се овозможувало доминантно влијание на работниот стаж и социјално-економската состојба во однос на станбените услови на работникот, и што не се предвидени објективизирани критериуми за вреднување на работниот придонес на работниците како основ за распределба на станови.

5. Судот утврди дека овој правилник престанал да важи со влегувањето во сила на нов Правилник за решавање на станбените прашања на работниците во означеното основно училиште, донесен на 27 февруари 1989 година. Но, Судот исто така, утврди дека, согласно член 419 став 2 од Уставот на СР Македонија, постојат процесни претпоставки за оценување неговата уставност и законитост во време на важењето.

6. На седницата Судот утврди дека во член 14 од Правилникот е утврдено дека за секоја година работен стаж навршена до поднесувањето на барањето за добивање стан работникот добива по 1 бод, односно најмногу 40 бода, а во член 19 се вреднува социјално-економската состојба на работникот со најмногу 35 бода. Според член 13 од Правилникот, пак, станбената состојба на работникот се вреднува со најмногу 30 бода.

Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст, („Службен весник на СРМ" бр. 48/88) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење односно основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Според тоа самоуправно право е на работниците да ги утврдат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на стан при што, според мислењето на Судот, се должни да го почитуваат уставното начело на заемност и солидарност, утврдено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, кое во станбената област се изразува во обезбедување доминантно влијание на станбената состојба во однос на другите основи за распределба на станови.

Со оглед на тоа што во оспорените членови 14 и 19 од Правилникот е предвидено основите работен стаж и социјално-економската состојба на работникот да имаат доминантно влијание во утврдувањето на редот на првенство за добивање стан во однос на станбената состојба, Судот утврди дека тие не се во согласност со означеното уставно начело.

Според член 43 став 2 од Законот за станбените односи измените во редот на првенството за решавање на станбените потреби се вршат до донесувањето на одлуката за давање стан на користење.

Со оглед на тоа што во оспорениот член 14 од Правилникот промените во работниот стаж на работникот се вреднуваат до денот на поднесувањето на барањето, а не до денот на донесувањето на одлука за давање стан на користење, Судот утврди дека тој не е во согласност и со член 43 став 2 од Законот.

7. Судот утврди дека во оспорениот член 16 од Правилникот работниот придонес на работниците се вреднува со определување бодови за квалитетно, солидно, задоволително и незадоволително извршување на работните задачи, при што не се утврдени критериуми преку кои се определува различниот степен за извршување на работните задачи, ниту такви се утврдени во самоуправниот општ акт за распределба на средствата за лични доходи на означеното основно училиште.

Тргнувајќи од уставното начело утврдено во член 13 од Уставот дека трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот во општеството, Судот смета дека во рамките на самоуправното право да ги утврдат условите за давање станови на користење, работниците можат да го предвидат и работниот придонес како еден од основите на утврдување на редот на првенство за добивање стан на користење, со обезбедување објективни критериуми преку кои тој ќе се изрази.

Со оглед на тоа што во оспорениот член 16 од Правилникот работниот придонес на работниците се вреднува без објективни критериуми за утврдување степенот на извршувањето на работните задачи, Судот утврди дека тој не е во согласност со уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 9/89
12 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**407.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Здружението на работните луѓе што вршат стопански дејности со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните

на град Скопје при Стопанската комора на Македонија, за оценување уставноста и законитоста на член 3 од Одлуката за утврдување на висината на закупнината што ќе се плаќа по метар квадратен користена површина за користење на деловни простории и згради, донесена од Собранието на Основната заедница за деловен простор на град Скопје, на 22 јуни 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

3. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 389 од Уставот на СФР Југославија, со решение У. бр. 273/88 од 23 ноември 1988 година, до Уставниот суд на Македонија го достави предлогот на означеното здружение за оценување уставноста и законитоста на оспорениот член од одлуката означена во точка 1 од оваа одлука, затоа што со него за иста дејност е утврдена повисока закупнина за самостојните занаетчии во зависност од различно утврдената доходовност, со што, според наводите во предлогот, се повредува уставното начело на еднаквата општествено-економска положба на овие лица.

4. Судот на седницата утврди дека според член 2 од Одлуката сите деловни простории од подрачјето на град Скопје се распоредуваат во шест реони во зависност од подрачјето каде што се наоѓаат. Во оспорениот член 3 од Одлуката е утврдена висината на закупнината што се плаќа за издавање на деловниот простор, а која зависи од видот на дејноста и од реонот во кој се наоѓа деловниот простор, додека за занаетчиите висината на закупнината се определува во зависност од доходовноста на занаетчиската дејност и реонот во кој се наоѓа деловниот простор. Меѓутоа, доходовноста служи само како посебен критериум за распоредување на занаетчиските дејности според Категоризацијата на дејностите кои се обавуваат со личен труд и средства во сопственост на граѓаните, утврдена од Стопанската комора на град Скопје и Основната заедница за деловен простор на град Скопје, во која занаетчиските дејности според видови се групираат во високодоходовни, среднодоховни и нискодоходовни, што значи дека и за самостојните занаетчии во основа се применуваат истите критериуми за определување висината на закупнината, како и за другите корисници на деловниот простор

Судот, исто така, утврди дека оспорената одлука престанала да важи со донесувањето на нови одлуки од 1 октомври 1988 и 28 декември 1988 година кои се со истоветна содржина како и оспорената одлука, но со оглед на тоа што од престанокот на важењето на оспорената одлука до поведувањето на постапката не поминало повеќе од една година, согласно член 419 став 2 од Уставот на СР Македонија, постојат процесни претпоставки за оценување на нејзината уставност и законитост.

5. Согласно уставното начело изразено во Оддел III став 14 и член 33 од Уставот на СР Македонија работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат определена дејност имаат во начело иста општествено-економска положба и во основа исти права и обврски како и работниците во организациите на здружениот труд.

Според член 31 став 1 од Законот за самоуправните интересни заедници на становањето — пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 9/81) организациите на здружениот труд, другите самоуправни организации и заедници, општините, Републиката и другите општествено-правни лица во заедницата на становањето задолжително ги здружуваат станбените згради и станови во општествена сопственост, како и деловните простории во општествена сопственост што се издаваат под закуп, а не се основно средство на организациите на здружениот труд.

Согласно член 5 точка 1 и 6 од овој закон заедницата ја утврдува политиката на станбената изградба и ги врши работите во поглед на управувањето и одржувањето, покрај другото, и на деловните простории во општествена сопственост што се издаваат под закуп, а не се основно средство на организациите на здружениот труд, а според точката 10 од овој член, заедницата ја утврдува и спроведува програмата за одржување на овие деловни простории.

Од означените одредби на законот, според мислењето на Судот, произлегува дека самоуправната интересна заедница на становањето, остварувајќи го правото да управува со деловните простории во општествена сопственост што се издаваат под закуп, а кои задолжително се здружуваат во заедницата, е овластена да ја утврдува и висината на закупнината. Исто така, во рамките на утврдувањето на политиката на станбената изградба и на искористувањето на деловниот простор, Самоуправната интересна заедница има право и должност да се грижи за обновувањето и зголемувањето на деловниот простор и преку утврдување на соодветни мерила и критериуми за определување на закупнината.

Притоа, тргнувајќи од означеното уставно начело, Судот смета дека, за работните луѓе што вршат дејност со средства во сопственост на граѓаните можат одделни права и обврски да се уредат така што да не бидат во се исти како и правата и обврските на работниците во организациите на здружениот труд. Според тоа, Судот смета дека може да се предвидат и поинакви критериуми за утврдување висината на закупнината за работните луѓе кои вршат дејност со средства на трудот во сопственост на граѓаните при што, тие не можат да бидат толку различни, со што би се довело во прашање остварувањето на уставното начело, според кое мора во основа да се обезбедат исти обврски и во начело еднаква општествено-економска положба на овие работни луѓе со општествените правни лица.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај со оспорената одлука висината на закупнината е утврдена во зависност од повеќе критериуми, со кои не се нарушува уставното начело за обезбедување во начело иста општествено-економска положба и во основа исти права и обврски на општествените правни лица и на работните луѓе што вршат дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните, Судот смета дека оспорената одредба од одлуката не е во несогласност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 12/89
12 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**408.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 24 став 1 точките 4 и 5, во деловите во кои дисциплинската казна е основ за намалување одреден број бодови, од Правилникот за решавање на станбените прашања на работниците во Основната организација на здружениот труд ПТТ сообраќај „Повардарје" во Титов Велес, во состав на Работната организација за ПТТ сообраќај „Македонија" во Скопје, донесен со референдум на 30 март 1988 година во времето на нивното важење, не биле во согласност со Законот за станбени односи и Законот за работните односи и биле во спротивност со Законот за здружениот труд.

2. Оваа одлука има правно дејство како одлука со која се укинува самоуправен општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената организација на здружениот труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 152/88 од 15 февруари 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 24 став 1 точките 4 и 5 од актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбени односи, член 91 од Законот за работните односи и за спротивноста со член 150 од Законот за здружениот труд.

5. На седницата Судот утврди дека во член 24 став 1 точка 1 од Правилникот е предвиден работниот придонес како основ за учество во распределбата на станови кој се зема предвид две години наназад. Во точката 2 се вреднувани натпросечните резултати, а во точката 3 е предвидено работниците кои ги извршуваат работите и работните задачи, но не добиле зголемен личен доход за остварени натпросечни резултати, а не им е изречена дисциплинска мерка за последните 2 години, да добиваат 10 бода. Понатаму, според точката 4, работниците кои за последните две години се дисциплински казнувани, како и работниците на кои личниот доход им е намален и коригиран за неизвршување на работните задолженија, согласно Правилникот за лични доходи по основ на остварени резултати, се вреднуваат со 5 бода. На крајот, според точката 5, доколку на работник кој постигнува натпросечни резултати е дисциплински казнуван или, на кого му е намалуван личниот доход во последните 2 години, утврдените бодови по основ на натпросечни резултати му се намалуваат за 50%.

Судот, исто така, утврди дека Правилникот престанал да важи на 16 јуни 1988 година, кога е донесен нов Правилник за решавање на станбените потреби на работниците, но согласно член 419 точка 2 од Уставот на СР Македонија, се исполнети условите за оценување на неговата уставност и законитост.

6. Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбени односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење односно ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Судот смета дека при самоуправното уредување на односите во оваа област дисциплинската казна не може да се утврдува како самостоен критериум за намалување на бројот на бодовите што на работникот му припаѓаат по основ на неговиот придонес во унапредувањето на работењето на организацијата на здружениот труд и по основ на резултатите од трудот. Исто така, Судот смета дека неможат да се пропишуваат дисциплински мерки надвор од оние утврдени во член 150 од Законот за здружениот труд, ниту пак можат да се предвидуваат правни последици од изречени дисциплински мерки со подолго време на траење од она што е утврдено во член 91 од Законот за работните односи.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 24 став 1 точките 4 и 5 од Правилникот во деловите во кои дисциплинското казнување на работникот е основ за намалување определен број бодови што се утврдуваат при вреднувањето на станбената положба на работникот врз основа на остварените резултати во работењето, независно од влијанието на причините за изрекување на мерката врз овие резултати, Судот утврди дека тие одредби не се во согласност со означените членови од Законот за станбени односи и Законот за работните односи и се во спротивност со Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 152/88
12 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

## 409.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 19 април 1989 година, донесе,

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на Свети Николе за оценување законитоста на член 1 став 2 од Одлуката за утврдување на политиката и условите за давање кредити на граѓаните за станбена изградба, донесена од Стопанска банка во Скопје, Основна банка во Титов Велес на 31 јули 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето во Свети Николе, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување законитоста на оспорената одредба од одлуката означена во точка 1 од оваа одлука, затоа што со неа е предвидена можност банката да дава кредити за решавање на станбеното прашање на полнолетни граѓани кои не се кредитно способни доколку обезбедат кредитно способен член на семејството, што било во спротивност со член 193 став 1 од Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем.

4. Судот на седницата утврди дека во член 1 од означената одлука е предвидено Основната банка во Титов Велес да дава кредити за станбена изградба на кредитно способни работни луѓе и граѓани штедачи на Банката, кои ќе полагаат динарски средства односно противвредност од продадени девизни средства, а што го немаат решено станбеното прашање, кои што купуваат стан или градат семејна станбена зграда во општина Титов Велес.

Според оспорениот став 2 од овој член, по исклучок, Банката ќе дава кредити и на полнолетни граѓани со нерешено станбено прашање кои не се кредитно способни, доколку обезбедат кредитно способен член од семејството (родители, брачни другари), кои заедно со него ќе склучат договор за кредит со Банката, а кои што немаат други кредитни обврски спрема Банката во станбен кредит.

5. Согласно член 199 став 1 од Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем („Службен лист на СФРЈ“ бр. 70/85, 9/86, 34/86, 72/86, 65/87) банката може да им дава кредити на домашни и на странски лица, а, според член 192 од овој закон при одобрувањето на кредитите банката е должна да ја утврдува кредитната способност на заемобарачите и да води сметка за својата ликвидност. Во член 193 став 1 од овој закон, пак, е предвидено банката да може да одобри кредит само на кредитно способен заемобарач, при што во став 2 на овој член е утврдено дека како кредитно способен заемобарач, освен за кредитите според Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд, се смета заемобарачот кој нема загуба во моментот на одобрувањето на кредитот, кој уредно ги извршува паричните обврски по другите кредити, гаранции и инструменти за обезбедување на постапката и кој има обезбедени обртни и други средства чиј што обем и динамика на обезбедување се пропишани со сојузниот закон.

Од изнесените законски одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека со законот се утврдени условите за кредитната способност само на правните лица, а условите за оценка на кредитната способност на физичките лица е предоставено да ги уреди банката со своите акти, водејќи сметка за својата ликвидност. Од друга страна, согласно член 1004 став 3 од Законот за облигационите односи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 29/78, 39/85, 46/85), како кредитно способен заемобарач може да се смета и лицето за кое гарантира гарант-платец, кој му одговара на доверителот, како и главниот должник, за це-

лата обврска и доверителот може да бара нејзино исплатување и од гарантот кој е кредитно способен, а тоа значи дека банката се обезбедила со кредитно способен заемобарач.

Во текот на постапката Судот утврди дека Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем престанал да важи со влегувањето во сила на Законот за банките и другите финансиски организации („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/89), во кој не се предвидени условите за кредитната способност за заемобарачите, туку само е предвидено дека банката може да зема и да дава кредити на домашни и странски лица, во согласност со законот и со актите на деловната политика на банката. Меѓутоа, според член 80 од преодните и завршните одредби на овој закон, постојните банки можат да продолжат со работата според одредбите на Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем најдоцна до 31 декември 1990 година, а по истекот на овој рок постојните банки престануваат со работа и се бришат од судскиот регистар.

Имајќи ги предвид овие одредби, оспорената одлука Судот ја оценуваше во однос на Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем и утврди дека таа не е во спротивност со означените одредби од овој закон.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 28/89
19 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**410.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 19 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 27 и 28 од Одлуката за распоредот, почетокот и завршувањето на работното време, донесена од Собранието на општина Неготино на 24 април 1983 година („Службен гласник на општина Неготино“ бр. 5/83).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службн гласник на општина Неготино“.

3. Републичкиот секретар за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар пред Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членовите 27 и 28 од одлуката означена во точката 1 на оваа одлука затоа што со нив, при утврдувањето на подолгото работно време од она што е уредено со одлуката, самостојните занаетчии и угостители се ставени во нееднаква положба во однос на организациите на здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека според ставот 1 на оспорениот член 27 од одлуката организацијата на здружениот труд може да определи работно време во летниот период да завршува 1 час подоцна од времето утврдено со одлуката, а според ставот 2 на овој член од одлуката организацијата на здружениот труд може да го утврди и почетокот и завршувањето на работното време во неделите доколку со Одлуката тоа не е пропишано. Членот 28 од Одлуката предвидува занаетчискиот и угостителскиот дуќан на самостојниот занаетчија и самостојниот угостител да може да работи подолго од работното време распоредено со оваа одлука по добиено одобрение од Одделението за стопанство и труд.

5. Во членот 33 од Уставот на СР Македонија е предвидено дека работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат професионална дејност имаат во начело иста општествено-економска положба и во основа исти права и обврски како и работниците во организациите на здружениот труд.

Според член 140 став 3 од Законот за здружениот труд собранието на општествено-политичката заедница може, а во случаите определени со закон е должно, со своја одлука да го утврдува распоредот, почетокот и завршувањето на работното време, меѓу другите области, и во областа на занаетчиството и угостителството и другите услужни дејности и согласно член 27 од Законот за работните односи собранието на општината, заради усогласување со потребите на работниците на другите работни луѓе, со одлука го утврдува распоредот, почетокот и завршувањето на работното време на, со законот, определените области и дејности, меѓу кои и во занаетчиството, угостителството и другите услужни дејности.

Од наведените уставни и законски одредби произлегува дека собранието на општината е должно, заради усогласувањето со потребите на работниците и на другите работни луѓе да го определува почетокот, распоредот и завршувањето на работното време во областа на занаетчиството, угостителството и другите услужни дејности, но притоа предвидувајќи ја можноста за продолжување на работното време не може да ги доведува во нееднаква положба работните луѓе кои вршат самостојна занаетчиска и угостителска дејност во однос на организациите на здружениот труд од тие дејности. Судот смета дека со предвидувањето правото на организациите на здружениот труд сами да одлучуваат за продолжувањето на работното време, а за самостојните угостители и занаетчии за тоа да одлучуваат одделението за стопанство и труд на општината, се доведуваат во нерамноправна положба работните луѓе кои вршат самостојна занаетчиска, угостителска или друга услужна дејност во однос на организациите на здружен труд од тие дејности.

Исто така, Судот смета дека собранието на општината ги пречекорило своите законски овластувања и со тоа што го овластило соодветниот орган на управата да одлучува за продолжувањето на работното време на самостојните занаетчии и угостители, затоа што правото да одлучува за почетокот и завршувањето на работното време е во исклучива надлежност на собранието на општината.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот утврди дека членовите 27 и 28 од оспорената одлука не се во согласност со член 33 од Уставот на СР Македонија и член 27 од Законот за работните односи односно дека се во спротивност со член 140 став 3 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр 128/88
19 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**411.**

Уставниот суд на Македонија. врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 19 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Систематизацијата со попис на работите и работните задачи, составен дел на Правилникот за основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи на работниците во Градежната работна организација „Техни-

ка“ во Скопје, донесена со референдум на 11 мај 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 186/88 од 8 февруари 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на систематизацијата означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност односно спротивност со член 23 став 1 од Уставот на СР Македонија и член 93 став 1 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека според членот 76 од Правилникот за распределба на средствата за лични доходи утврдени се основите за вреднување на работите и работните задачи и тоа сложеност, одговорност и услови за работа и дека со Систематизацијата, составен дел на означениот правилник, работите и работните задачи се вреднуваат во вкупен број на бодови а не по секој од предвидените основи.

Според член 23 став 1 од Уставот на СР Македонија и член 93 став 1 од Законот за здружениот труд работниците во основната организација на здружениот труд се должни да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за своите лични доходи.

Со оглед на тоа што со означената систематизација се врши вреднување на работите и работните задачи на одделни работни места во вкупен износ, без притоа да се утврдат мерилата за секој од основите предвидени во правилникот за распределба на средствата за лични доходи, Судот утврди дека означената систематизација не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Во однос на наводите во одговорот на решението за поведување на постапка, дека мерилата за вреднување на предвидените основи се утврдени во Табелата за вреднување на работите и работните задачи, составен дел на групациската самоуправна спогодба, склучена во мај 1987 година и дека прифаќајќи ја таа Табела како составен дел и на својот самоуправен општ акт работниците со референдум одржан на 11 мај 1988 година ги утврдиле таквите основи и мерила за распределба на средствата и за своите лични доходи, Судот оценува дека, согласно член 136 од Уставот на СР Македонија и член 94 од Законот за здружениот труд ваквиот начин на донесување на мерила за распределба на личните доходи не е согласен со Уставот и Законот. Според мислењето на Судот, тргнувајќи од соодветните уставни и законски одредби, работниците во основните и во другите организации на здружениот труд можат со самоуправна спогодба да утврдуваат и заеднички основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи. Притоа, заедничките основи и мерила по својот обем и карактер на уреденост на конкретните прашања претставуваат задолжителна основа за самоуправно уредување на тие прашања во актите на секоја организација на здружениот труд — потписник на таа спогодба односно тие основи и мерила со оглед на нивната начелност и општост, не можат непосредно да се применуваат. Доколку, пак, според оценката на некој потписник на самоуправната спогодба, тие заеднички основи и мерила се непосредно применливи, тогаш тоа треба недвосмислено да биде изразено при донесувањето на самоуправниот општ акт за распределба на личните доходи, кој се донесува по пат на референдум, затоа што тие се неотуѓиви права за кои работниците непосредно и конкретно одлучуваат.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 186/88
19 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**412.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки на седницата одржана на 19 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето — Свети Николе за оценување уставноста и законитоста на член 13 и 14 став 3 од Самоуправната спогодба за пополнување на слободните работни места, преземање, замена, распоредување и упатување на работници од основните организации на здружениот труд — основни училишта од општина Свети Николе, здружени во организацијата на здружен труд Центар за основно образование и воспитание, донесена со референдум одржан на 25 јуни 1982 година и Измените и дополнувањата на оваа спогодба, донесени од работниците во означениот Центар, со референдум одржан на 20 април 1988 година.

2. СЕ ОТФРЛА предлогот на Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето — Свети Николе за оценување уставноста и законитоста на член 8, член 14 став 1 и 2 и член 15 од Самоуправната спогодба означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означениот Центар за основно образование и воспитание на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. На Уставниот суд на Македонија му е поднесен предлог од Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето со барање да се оцени уставноста и законитоста на членовите од спогодбата означена во точките 1 и 2 од оваа одлука, затоа што: членот 8 предвидува можност училиштата да не распишуваат оглас односно конкурси за пополнување на слободните работни места без согласност на Центарот, што било во спротивност со член 122 од Законот за здружениот труд и не било во согласност со член 8 од Законот за работните односи; со членот 13 и членот 14 став 3 се утврдени критериуми за утврдување приоритетот за пополнување на работните места, што не било во согласност со уставното начело на еднаквоста на правата, должностите и одговорностите; и, дека членот 15 предвидува овластување на директорот и секретарот на Центарот да вршат распоредување на нераспоредените работници до 1 месец за замена, што не било во согласност со член 24 од Законот за работните односи.

5. На седницата Судот утврди дека во член 13 од Спогодбата е предвидено приоритет за пополнување на работните места во училиштата од градот да имаат постарите наставници од селските основни училишта, а нивните упразнети работни места да се пополнуваат по пат на оглас односно конкурс доколку нема технолошко-економски вишок, и дека се утврдени основите и мерилата со кои се утврдува приоритетот за распоредување на работниците, а во член 14 став 3 е предвидено дека доколку се јават поголем број кандидати со над 15 години работен стаж во образованието да се применат и критериумите од член 13 од Спогодбата.

Според членовите 135, 141 и 142 од Уставот на СР Македонија работниците и другите работни луѓе со самоуправна спогодба и општествен договор ги уредуваат меѓусебните односи, ги усогласуваат интересите и ги уредуваат односите од поширико општествено значење. Со нив, исто така, се уредуваат и меѓусебните права, обврски и одговорности и мерките за нивно остварување, како и другите односи од заеднички интерес. Самоуправната спогодба и Општествениот договор ги обврзуваат учесниците што ги склучиле.

Во член 131 став 4 и 5 од Законот за здружениот труд е предвидена можност за распоредување на работниците од една во друга основна односно работна организација во состав на истата работна односно сложена организација на здружен труд.

Поради тоа, според мислењето на Судот, право е на работниците, во зависност од заедничкиот интерес на здружените основни организации, да оценат кои услови ќе ги предвидат за утврдување приоритетот за распоредување на работниците во рамките на Центарот.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста односно спротивноста на член 13 и член 14 став 3 од Спогодбата со означените уставни и законски одредби.

6. На седницата Судот утврди дека Судот по предметот У. бр. 50/84 од 12 декември 1984 година оценувајќи ја Самоуправната спогодба, донесена на 25 јуни 1982 година, не повел постапка за оценување уставноста и законитоста и на член 8, член 14 став 1 и 2 и член 15 од Спогодбата.

Со оглед на тоа што Судот веќе ја оценувал означената Спогодба, а не најде причини за поинакво одлучување, одлучи како во точката 2 од оваа одлука.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 на оваа одлука.

У. бр. 184/88
19 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**413.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 29 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 21 и 29 од Правилникот за станбени односи на Основната организација на здружениот труд „Лозаро-Овоштарство“ во Титов Велес, во состав на Агрокомбинатот „Лозар“ во Титов Велес, донесен со референдум на 26 ноември 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената основна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 144/88 од 18 јануари 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на членовите 21 и 29 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 9 став 2 и член 15 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88).

4. На седницата Судот утврди дека во член 21 од Правилникот е предвидено работникот или член на неговото семејно домаќинство, кој е сопственик на стан односно семејна станбена зграда која со членовите на своето семејно домаќинство сезонски или повремено ја користи за одмор, рекреација и закрепнување, да не може да се здобие со станарско право на стан во општествена сопственост.

Според член 214 став 1 од Уставот на СР Македонија загарантирано му е правото на граѓанинот да стекнува станарско право на стан во општествена сопственост со кое му се обезбедува, под услови утврдени со закон, трајно да користи стан во општествена сопственост заради задоволување на личните и семејните станбени потреби.

Според член 15 став 1 од Законот за станбените односи лице кое е сопственик на стан односно семејна станбена зграда што со членовите на своето семејно домаќинство сезонски или повремено го користат за одмор и закрепнување не може да се здобие со станарско право на стан во општествена сопственост.

Од означените уставни одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека правниот режим на станарското право односно условите за негово стекнување, користење и губење се утврдуваат само со закон, поради што работниците во организациите на здружениот труд, утврдувајќи ги условите за доделување стан на користење, не можат со самоуправниот општ акт да ги менуваат законските услови за стекнување на станарското право.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 21 од Правилникот на работникот му се ограничува правото да се здобие со станарско право на стан во општествена сопственост не само ако е тој сопственик на стан односно семејна станбена зграда за одмор и закрепнување, туку и ако на таков стан односно станбена зграда е сопственик и некој од членовите на неговото семејно домаќинство, Судот утврди дека тој не е во согласност со означените уставни и законски одредби.

5. Понатаму, Судот утврди дека во оспорениот член 29 став 1 и 2 од Правилникот е предвидено дека работникот добива по 2 бода за секој член на потесното семејство, како и за секој член на заедничкото домаќинство, во кое влегуваат лицата што работникот според законот е должен да ги издржува. Како членови на потесното семејство, во ставот 3, се определени брачниот другар и децата (брачни, вонбрачни и усвоени), а во ставот 4 и 5 е предвидено дека бодовите за децата можат да се доделат само ако се тие на редовно школување или не се во работен однос на неопределено време, без оглед на староста.

Според член 9 став 2 од Законот за станбените односи како членови на семејно домаќинство на носителот на станарско право се утврдени неговиот брачен другар, децата на носителот на станарско право и на неговиот брачен другар, внуци без родители, кои од своето раѓање живееле со носителот на станарското право, како и лицата кои носителот на станарското право според законот е должен да ги издржува, односно лицата кои според законот се должни да го издржуваат носителот на станарското право, а кои заедно со него трајно живеат.

Со оглед на тоа што со оспорениот член од Правилникот се стеснува кругот на лицата што според законот го сочинуваат семејното домаќинство, Судот утврди дека тој не е во согласност со член 9 став 2 од Законот за станбените односи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 144/88
29 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**414.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 8 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Генералниот директор на Службата на општественото книговодство во СР Македонија, Централа Скопје, во Скопје за оценување уставноста и законитоста на Одлуката за воведување времена санациона стапка, донесена од Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита во Берово на 12 април 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

3. Генералниот директор на Службата за општествено книговодство во СР Македонија, Централа Скопје во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа е вове-

дена посебна санациона стапка од бруто личните доходи, што било во спротивност со Законот за санација и престанок на организациите на здружениот труд и не е во согласност и со членовите 80—91 од Законот за здравствена заштита.

4. Судот на седницата утврди дека со член 1 од Одлуката се воведува времена дополнителна (санациона) стапка заради санирање на влошената материјална и финансиска состојба во Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита во Берово, која според член 2 од Одлуката изнесува 2% на бруто личните доходи од стопанството, нестопанството и приватниот сектор од занаетчиска дејност, а за санирање на искажаната загуба и намирување на обврските према доверителите, како и овозможување на нормално работење на здравството во општината.

5. Според член 55 став 1 од Уставот на СР Македонија работниците и другите работни луѓе кои во областа на здравството, врз начелата на заемност и солидарност, ги остваруваат своите лични и заеднички потреби и интереси и работниците на организациите на здружениот труд што ги вршат дејностите во тие области основаат самоуправна интересна заедница, во која остваруваат слободна размена на трудот, здружуваат труд и средства и рамноправно и заеднички одлучуваат за вршењето на овие дејности, во согласност со заедничките интереси ја утврдуваат политиката на развојот и унапредувањето на тие дејности и остваруваат други заеднички интереси. Заради задоволување на своите потреби и интереси во самоуправните интересни заедници, според член 54 став 3 од Уставот, работните луѓе од своите лични доходи и од доходот на основната организација им плаќаат придонес на овие заедници, во согласност со намената односно целите за кои служат овие средства.

Во членовите 80 до 89 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85, 50/87, 27/88) е утврдена положбата и овластувањата на самоуправните интересни заедници за здравствена заштита, при што е предвидено во заедниците корисниците и давателите на услуги да остваруваат слободна размена на трудот и да здружуваат труд и средства. Согласно член 100 од Законот средствата за задоволување на потребите за здравствена заштита ги обезбедуваат работниците и другите работни луѓе во согласност со овој закон и со самоуправните општи акти на заедниците за здравствена заштита и на самоуправните организации и заедници, а според член 105 од овој закон, врз основа на програмите за работа и развој на општинските заедници, работниците и другите работни луѓе, врз самоуправна основа, во рамките на заедницата за здравствена заштита, ги утврдуваат висината и начинот на здружување на средствата во таа заедница.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека за задоволување на потребите и интересите на работниците и другите работни луѓе во самоуправната интересна заедница за здравствена заштита средства се обезбедуваат од личните доходи и од доходот, а висината и начинот на здружувањето на тие средства самоуправно ги утврдуваат работниците и другите работни луѓе во рамките на заедницата. Според тоа, Судот смета дека е право на работниците и другите работни луѓе преку облиците на одлучување во заедницата да одлучат за висината на средствата што ќе ги здружуваат од што произлегува и можноста и да одлучат за здружување и на дополнителни средства, водејќи сметка за со закон утврдените ограничувања и услови за зголемување на тие средства.

Од изнесеното, според мислењето на Судот, произлегува дека општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита е овластена да ја утврдува висината на средствата што ги здружуваат работниците и другите работни луѓе, а во тие рамки да предвиди и дополнително здружување на средства во согласност со потребите и програмите за работа и развој на заедницата. Поради што, Судот утврди дека оспорената одлука не е во несогласност со Уставот и Законот за здравствена заштита.

При одлучувањето Судот ги имаше предвид и одредбите од законските прописи за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и самоуправните интересни заедници од општествените дејности, според кои е дозволен одреден пораст во процент на средствата и во општинските самоуправни интересни заедници за здравствена заштита, но утврди дека, согласно член 419 од Уставот на СР Македонија, не е надлежен да одлучува дали висината на средствата што се здружуваат во означената самоуправна интересна заедница се движат во рамките на нивото утврдено со тие прописи.

Што се однесува до наводот во предлогот дека оспорената одлука е во спротивност и со членовите 14, 17, 45 и 56 од Законот за санација и престанок на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 72/86, 42/87, 75/87 и 69/88) Судот утврди дека одредбите од член 10 до 102 од овој закон, па според тоа и означените членови, што се однесуваат на предсанационата постапка и постапката за санација престанаа да важат со влегувањето во сила на Законот за финансиското работење („Службен лист на СФРЈ" бр. 10/89). При тоа, Судот утврди дека и во времето на важењето на овие одредби со нив изречно беше предвидено дека стечај не може да се спроведе врз самоуправните интересни заедници.

Врз основа на изнесеното, судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 165/88
8 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**183.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56 и 57 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 мај 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии без додатокот на пензијата, минималните старосни и семејни пензии остварени според Законот за старосното осигурување на земјоделците, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и па-

ричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок до вработување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој акontативно се усогласуваат со порастот на номиналните лични доходи во 1989 година за 12,5 насто.

Процентот на усогласување на пензиите и другите пензиски примања усогласени според оваа одлука и одлуките за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 9/89 и 19/89) сметано од 1 јануари 1989 година вкупно изнесува 170 насто.

Усогласувањето од став 1 на овој член припаѓа од 1 јануари 1989 година.

Член 2

Како основица за определување на усогласувањето од член 1 став 1 на оваа одлука претставува износот на пензијата, материјалното обезбедување, односно паричниот надоместок усогласен според Одлуката за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 19/89).

Член 3

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход за корисниците на најнизок износ на пензија и на додаток на пензијата.

Член 4

Со процентот од член 1 на оваа одлука ќе се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1989 година.

Член 5

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1989 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурувањето остварени во 1989 година.

Член 6

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа, сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 37/80 и 24/88) како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа, сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" бр. 19/79, 50/82, 42/85 и 35/86).

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941" со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941".

Член 8

При постоење на повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник, кога се работи за усогласување на пензијата според оваа одлука.

Член 9

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 10

При конечното усогласување на пензиските примања ќе се земе предвид и усогласувањето според оваа одлука.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 15-1516/1
29 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**184.**

Врз основа на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/89) и член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА

Член 1

Најнискиот износ на староснa пензија за првото тримесечје од 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 348.370 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 265.550 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 191.500 динари.

Член 2

Најнискиот износ на староснa пензија од член 1 на оваа одлука за второто тримесечје се утврдува:

— за корисниците на пензија од алинеја 1 во висина од 550.000 динари;

— за корисниците на пензија од алинеја 2 во висина од 420.000 динари;

— за корисниците на пензија од алинеја 3 во висина од 303.000 динари.

Член 3

Најнискиот износ на инвалидска пензија за првото тримесечје од 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно над 25 години (жена), во висина од 348.370 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 265.550 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 191.500 динари.

Член 4

Најнискиот износ на инвалидска пензија од член 3 на оваа одлука за второто тримесечје се утврдува:

— за корисниците на пензија од алинеја 1, во висина од 550.000 динари;

— за корисниците на пензија од алинеја 2, во висина од 420.000 динари;

— за корисниците на пензија од алинеја 3, во висина од 303.000 динари.

Член 5

Најнискиот износ на семејна пензија се утврдува во висина на најнискиот износ на старосна, односно најнискиот износ на инвалидска пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.

Член 6

На корисниците на најнизок износ на пензија кои правото го оствариле до влегувањето во сила на оваа одлука ќе им се исплати најнискиот износ на пензија определен според оваа одлука.

Член 7

Исплатата на најнискиот износ на пензија според оваа одлука ќе се врши по службена должност, без донесување на решение.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за најнизок износ на пензија од 1 април 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 19/89).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 15-1617/1
29 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**185.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86 и 22/89), а во врска со член 9-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/89) и член 72-в од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЕМОТ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОСНОВИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ И НАПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

По основа на доброволно пензиско и инвалидско осигурување се осигурени:

1) брачниот другар и другите членови на домаќинството на индивидуалниот земјоделец;

2) брачниот другар и другите членови на домаќинството на сопственикот на земјоделско земјиште на кого земјоделската дејност не му е единствено занимање;

3) лицата кои се занимаваат со земјоделска дејност со земјиште земено под закуп, и

4) лицата кои се занимаваат со сточарство или пчеларство на кои вршењето на земјоделската дејност им е единствено занимање.

Член 2

Лицето од член 1 на оваа одлука за прием во пензиско и инвалидско осигурување поднесува барање за прием во пензиско и инвалидско осигурување.

Член 3

Барање за прием во осигурување се поднесува во Стручната служба на која и е доверено вршењето на работите од пензиското и инвалидското осигурување на чие подрачје осигуреникот ја врши земјоделската, сточарската или пчеларската дејност.

Со барањето за прием во осигурување се доставуваат следните докази:

1. лицето од член 1 точка 1 и 2 од оваа одлука — доказ за сродство на брачен другар односно член на домаќинството на индивидуалниот земјоделец, односно сопственикот на земјоделско земјиште на кого земјоделската дејност не му е единствено занимање и решение за задолжување со данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност,

2. лицето од член 1 точка 3 од оваа одлука — договор за закуп на земјиштето, и

3. лицето од член 1 точка 4 од оваа одлука — потврда за вршење за сточарска односно пчеларска дејност од органот за стопански работи на општината.

Член 4

Врз основа на барањето и приложените докази, стручната служба на која и е доверено вршењето на работите од пензиското и инвалидското осигурување донесува решение за прием во осигурување.

Со решението од претходниот став се утврдува основицата на осигурување и висината на придонесот.

Член 5

Врз основа на донесеното решение за прием во осигурување лицето поднесува пријави М-1 и М-11, лична карта, работничка книшка, решението или друг документ за претходно признаен пензиски стаж.

Стажот на осигурување и основицата на осигурување која служи за утврдување на пензиската основа за времето поминато во доброволно пензиско и инвалидско осигурување се евидентира во матичната евиденција согласно Законот за матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 6

Основица за пресметување и плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување за осигурениците претставува најниската основица на осигурување определена со самоуправен општ акт на Заедницата за индивидуалните земјоделци.

Осигурениците можат по сопствен избор да се определат да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување на непосредно повисоката основица на осигурување определена со самоуправниот општ акт од став 1 на овој член.

Член 7

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се пресметува и плаќа според стапката на придонесот од основицата на осигурување утврдена за годината за која се плаќа придонесот.

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се плаќа во четири рати во годината а стасува за плаќање до 30 во месецот по истекот на претходното тримесечје и се уплатува на жиро-сметка на Заедницата.

По истекот на годината за овие осигуреници стручна служба на која и е доверено вршењето на работите од пензиското и инвалидското осигурување доставува на Стручната служба на Заедницата податоци за стажот на осигурувањето и основицата на осигурување, преку пријавата М-4.

Член 8

Приемот во доброволно пензиско и инвалидско осигурување се воспоставува најрано од 11 февруари 1989 година.

Според самоуправниот општ акт од член 6 на оваа одлука основицата на осигурување за 1989 година изнесува 192.500 динари месечно, а непосредно повисоката основица на осигурување изнесува 230.000 динари месечно.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во („Службен весник на СРМ“), а ќе се применува од 11 февруари 1989 година.

Бр. 15-1519/1
29 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**186.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4, а во врска со член 69, 70 и 71 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ И ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психофизичкиот развој и инвалидите на трудот („Службен весник на СРМ“ бр. 19/89) член 4 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за сместување и исхрана на младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој заради стручно односно работно оспособување, односно преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот, месечно изнесува по еден корисник, и тоа:

| Ред. бр. | ОРГАНИЗАЦИЈА | Трошоци за исхрана со интернатско сместување |
|---|---|---|
| 1. | Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ — Битола | 308.485 |
| 2. | Завод за професионална рехабилитација на младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ — Скопје | 316.780 |
| 3. | Завод за рехабилитација на деца и младинци — Скопје | 386.100 |
| 4. | Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје | 304.470 |
| 5. | Центар за рехабилитација и образование „Македонија“ — Скопје | 304.470 |
| 6. | Центар за специјално насочено образование „Искра“ — Штип | 304.470 |
| 7. | Работна организација за основно образование на деца со лесна и умерена попреченост во психофизичкиот развој со ученички дом „25 Мај“ — с. Ново Село. | 304.470 |

Член 2

Во член 6 бројката „56.448“ се заменува со бројката „84.670“ а бројката „63.744“се заменува со бројката „95.620“.

Член 3

Во член 7 бројката „127.936“ се заменува со бројката „191.900“.

Член 4

Во член 8 бројката „43.276“ се заменува со бројката „64.910“.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 15-1518/1
29 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**187.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за научноистражувачка дејност и член 25 од Статутот на Републичката заедница за научноистражувачка дејност, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 5 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научноистражувачките потреби во научноистражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 10/89) во членот 2 после првиот став се додава нов став кој гласи:

„Основица за пресметување на месечните аконтации на придонесот од доходот претставува остварениот доход, валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-1064/1
9 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Душан Петковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — МАКЕДОНСКИ БРОД

**188.**

Врз основа на член 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), член 156 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Македонски Брод, на заедничката седница на соборот на делегатите корисници — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги, одржана на 30 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1989 година се определува во висина од 8,50% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита 3,00% и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравствената заштита од 5,50%.

Член 2

Тарифата на придонесот за здравствена заштита во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести се определува во висина од 0,50%.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход.

Основицата кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Придонесот за повреда на работа и заболување од професионални заболувања, по стапка од 0,50% пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонес кои не формираат доход за вработените по договор за дело од бруто основицата.

Член 3

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува во висина од 20% нето личниот доход односно основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува во висина на правата сразмерно на стапките, односно тарифата на придонесот определени по член 1 и 2 од оваа одлука.

Член 4

Обврзникот за уплата на придонесот должен е при уплатата на придонесите за здравствена заштита и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата со ознака на основицата и за периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот на придонесот не го пополни налогот уплатницата согласно одредбите од претходниот став службата, односно поштата нема да го прими налогот — уплатницата, во смисла на член 32 од Законот за Службата на општествено книговодство.

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на начин утврден со Закон, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 063
30 декември 1988 година
Македонски Брод

Собрание на Општинската заедница
Претседател,
**Крсте Симески,** с. р.

Собор на работници — корисници на услуги
Претседател,
**Бранка Јаќимоска,** с. р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
Д-р **Душан Аризанкоски,** с. р.

---

**189.**

Врз основа на член 106 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр 10/83), член 156 став 1 точка 6 од Статутот на СИЗ за здравствена заштита — Македонски Брод, Собранието на СИЗ за здравствена заштита Македонски Брод, на седницата одржана на 30 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравствената заштита на корисниците — земјоделци за 1989 година на подрачјето на СИЗ за здравствена заштита Македонски Брод.

Член 2

Корисниците — земјоделци плаќаат придонес за здравствена заштита и тоа:

а) за задолжителни видови на здравствена заштита:

— 15,20% од катастарскиот доход и 8.000 динари за секој член од домаќинството за корисниците кои имаат сопствена земја;

— 40.000 динари по домаќинство и 8.000 динари за секој член на домаќинството за корисниците кои имаат земја под наем.

б) За правата на здравствена заштита над задолжителните видови што самостојно ги утврдува Заедницата:

— 3,80% од катастарскиот доход и 2.000 динари за секој член на домаќинството за корисниците кои имаат сопствена земја 10.000 динари по домаќинство и 2.000 за секој член на домаќинство за корисниците кои земаат земја под наем.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 134 од 30 декември 1987 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 64
30 декември 1989 година
Македонски Брод

Претседател,
**Крсте Симески,** с. р.

---

**190.**

Врз основа на член 112 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) член 156 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, на заедничката седница на Соборот на делегатите — корисници — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 30 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ШТО ОДДЕЛНИ КОРИСНИЦИ НА ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАН МЕСЕЧЕН ИЗНОС

Член 1

Средствата за здравствена заштита во постојани месечни износи за одделни корисници на здравствена заштита се плаќаат и тоа:

1. за лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери и друго) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време во износ од 5.000 динари од кои 1.700 динари за задолжителна здравствена заштита, 3.550 динари за останатите права од здравствената заштита и 450 динари во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести;

2. за учениците во насочено односно учениците на училиштата од средно образование за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и

практична настава во износ од 3.400 динари, од кои 1.050 динари за задолжителните видови на здравствена заштита, 2.120 динари за останатите права од здравственото осигурување и 230 динари за случаи на повреда на работа и заболување од професионални болести;

3. за лицата кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите за пензиско и инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, ако работат најмалку 6 часа дневно во износ од 3.000 динари од кои 1.000 динари за задолжителните видови здравствена заштита, 2000 динари за останатите права од здравствена заштита;

4. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции организирани од општествено-политичките заедници ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно во износ од 5.300 динари од кои 1.750 динари за задолжителните видови на здравствена заштита, 3.550 динари за останатите видови на здравствена заштита;

5. за лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за Општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должности: во износ од 3.000 динари од кои 1.000 динари за задолжителните видови здравствена заштита, 2.000 динари за останатите видови на здравствена заштита;

6. за уживателите на постојана државна помош доделена од страна на бившите Президиуми на народните собранија или Извршниот совет, во износ од 5.700 динари од кои 1.880 динари за задолжителните видови на здравствена заштита и 3.820 динари за останатите права;

7. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на привремена работа во странство, кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, во износ од 5.700 динари на член од кои 1.880 динари за задолжителните видови на здравствена заштита и 3.820 динари за останатите права;

8. пензионерите од странски носители на осигурување додека престојуваат на подрачјето на Заедницата, ако во меѓународен договор не е определено поинаку во износ од 12.700 динари по член од кои 4.180 динари за задолжителните видови на здравствена заштита и 8.520 динари за останатите права.

Член 2

Средства за здравствена заштита во постојани месечни износи се плаќаат во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести за:

1. учениците во средно насочено образование и студентите на вишото и високото образование, за време на практичната работа во врска со наставата во износ од 1.200 динари;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции кои според прописите за пензиското и инвалидското осигурување се осигурени за случај на инвалидност, во износ од 1.200 динари;

3. лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 1.200 динари;

4. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должноста, во износ од 1.200 динари;

5. лицата кои работат помалку од половината од полното работно време, во износ од 1.700 динари;

6. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира или упатува Заедницата за вработување, како и лицата на професионална рехабилитација или школување во соодветните организации на здружен труд, во износ од 1.700 динари;

7. лицата кои се прогласени за врвни спортисти 1.700 динари;

8. лицата учесници во активности при природни и други тешки несреќи и активности при противпожарна заштита во износ од 1.200 динари;

9. лицата кои по барање на надлежните органи за внатрешни работи или овластено службено лице ќе укажат помош на овие органи во вршењето на нивните должности за време на укажување на таквата помош, според соодветните прописи, во износ од 1.200 динари;

10. лицата кои вршат повремени или привремени работи по основа на договор, во износ од 1.700 динари;

11. лицата кои учествуваат во спортски натпревари организирани од самоуправни органи и заедници, ОНО и др. износ од 1.700 динари.

Член 3

Средствата за лицата опфатени со оваа одлука, освен за тие од член 1 точка 8 се пресметуваат и плаќаат однапред.

Доколку средствата се утврдуваат за време покусо од еден месец за кој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/3 од определениот месечен износ на средствата.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за придонесите на здравственото осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории корисници на здравствена заштита број 670 од 29 декември 1987 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 065
30 декември 1988 година
Македонски Брод

Собрание на Општинската заедница
Претседател,
**Крсте Симески,** с. р.

Собор на работници — корисници на услуги
Претседател,
**Бранка Јаќимоска,** с. р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Душан Аризанкоски,** с. р.

**191.**

Врз основа на член 101 и 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), и член 156 став 1 точка 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, на заедничка седница на Соборот на делегатите работници — корисници и Соборот на делегатите даватели на услуги, одржана на 30 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИ — РАБОТНИ ЛУЃЕ (САМОСТОЈНИ ЗАНАЕТЧИИ, УГОСТИТЕЛИ И ДРУГИ) ЗА ВРАБОТЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита на лицата вработени кај корисници — работни луѓе (самостојни занаетчии, угостители и др.) на подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Македонски Брод, а за кои со Законот за здравствена заштита не се утврдени основици.

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита и за утврдување на правата од здравствена заштита на лицата вработени кај корисници — работни луѓе, претставува договорениот нето личен доход помеѓу приватниот работодавец и работникот кој што не може да биде помал од:

— за неквалификуваните работници и домашните помошнички во висина од 300.000 динари и не може да биде помала од загарантиран личен доход утврден со Закон;

— за полуквалификувани работници 300.000 динари и не може да биде помала од загарантираниот личен доход утврден со Закон;

— за квалификувани работници 330.000 динари;

— за висококвалификувани работници 360.000 динари.

Член 3

За учениците од училиштата за средно образование кои покрај училишната изведуваат и практична настава во организација на здружен труд или кај приватни работодавци основица за остварување на правата од здравствена заштита претставува наградата што ја прима, а која не може да биде помала од:

— за ученици од прва година 17.800 дин.
— за ученици од втора година 21.200 дин.
— за ученици од трета година 30.700 дин.
— за ученици од четврта година 36.000 дин.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци бр. 674 од 29 декември 1987 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година. Истата да се објави во („Службен весник на СРМ".

Бр. 069
30 декември 1988 година
Македонски Брод

Собрание на Општинската заедница
Претседател,
**Крсте Симески**, с. р.

Собор на работници — корисници на услуги
Претседател,
**Бранка Јаќимоска**, с. р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Душан Аризанкоски**, с. р.

**192.**

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) член 24 и член 154 став 1 точка 14 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 30 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ ПОВРАТНИЦИ ОД СТРАНСТВО

Член 1

Здравствена заштита им се обезбедува како на корисниците — работници и на иселеници — повратници од странство и тоа од земјите со кои не постојат меѓународни договори и конвенции за здравствено осигурување како (Австралија, Шведска, Швајцарија и др.) додека редовно се пријавуваат кај Заедницата за вработување, ако во истата се пријавиле во рок од 30 дена по враќањето во СФРЈ, а се населиле на подрачјето на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Македонски Брод.

Лицата од претходниот став стекнуваат својство на корисници на здравствена заштита, согласно Законот и самоуправните општи акти на СИЗ за вработување.

Член 2

Средствата за здравствена заштита за корисниците од претходниот член ги плаќа Заедницата за вработување, во постојан месечен износ од 12.750 динари по корисник за 1989 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 668 од 29 декември 1987 година.

Бр. 063
30 декември 1988 година
Македонски Брод

Претседател,
**Крсте Симески**, с. р.

**193.**

Врз основа на член 32 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), член 156 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Македонски Брод, на заедничката седница на Соборот на делегатите — работници — корисници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 30 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА КОРИСНИКОТ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат за издржувани лица членовите на семејството и другите лица коишто се корисници на здравствена заштита според Законот, како и условите по кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека корисникот ги издржува членовите на семејството ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи доволни за издржување, а корисникот ги издржува со своите приходи.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 23.000 динари годишно, или другите приходи не го надминуваат износот од 50.000 динари месечно или ако катастарскиот приход и другите месечни приходи заедно не го надминуваат износот од 600.000 динари годишно по издржувано лице.

Член 4

Членот на семејството кој живее во заедничко домаќинство со корисникот ќе се смета за издржувано лице ако неговите сопствени приходи не го надминуваат износот од претходниот член и ако корисникот учествува во трошоците за неговата издршка со најмалку 50.000 динари месечно.

Член 5

Лицата кои корисникот ги зел за издржување осигурени се по правило ако немаат родители. Децата кои имаат еден или двајца родители осигурени се како лица кои корисникот ги зел на издржување, ако родителите поради својата здравствена состојба

и други околности не се способни или се спречени за стопанисување (ученици, студенти и сл.) односно не се во состојба да се грижат за децата и за нивното издржување, а децата и нивните родители немаат сопствени приходи доволни за издржување Сето под услов да двата родители не се способни за стопанисување, или се спречени тоа да го сторат

Се смета дека децата земени на издржување во смисла на претходниот став немаат сопствени приходи доволни за издржување, ако нивните приходи односно приходите на нивните родители по член на домаќинството не ги надминуваат износите предвидени во член 3 од оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 672 од 29 декември 1987 година.

Бр. 067
30 декември 1988 година
Македонски Брод

Претседател,
**Крсте Симески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ДЕБАР

**194.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр 9/78, 43/78 и 35/85) и член 23 и 69 од Статутот на ОСИЗ Собранието на ОСИЗ на седницата одржана на 24 мај 1989 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ДЕБАР ЗА 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на основните организации на здружен труд и на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на ОСИЗ за социјална заштита

2. Обврзници на придонесот од доходот за социјална заштита се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/77 и 18/80), во областа на дејностите од 01 до 11.

3. Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната акontација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на ОЗТ.

4. Сегашните пресметковни стапки на придонесите изнесуваат и тоа:

— придонес од доходот на работни организации 0,85%;

— придонес од личен доход од нестопанство 0,35%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност 0,25%;

— придонес од доход од самостојно вршење на стопанска дејност 0,10%;

— придонес од самостојно вршење на нестопанска дејност 0,10%.

5. Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на стапките на придонесите за ОСИЗ за социјална заштита бр. 0201-1 од 30 јануари 1989 година.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-40/2
24 мај 1989 година
Дебар

Претседател,
**Цветко Мартиновски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**195.**

Врз основа на член 106 и 107 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), и член 14 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита на својата редовна седница одржана на 16 мај 1989 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1989 година.

Член 2

Во член 2 став 1 алинеја 1, стапката на придонесот од доходот на ОЗТ од 0,60% се зголемува на 1%, а останатите стапки на придонеси остануваат непроменети и тоа:

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанство, по стапка од 0,70%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 1%.

Член 3

Основ за пресметување на придонесот од доходот на ОЗТ претставува остварениот доход.

Основица за пресметување на придонесот од доходот на ОЗТ на месечната аконтација претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на ОЗТ.

Член 4

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветни одредби од Законот за данокот од доходот на ОЗТ, а за придонесите од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 5

Членот 2 од оваа одлука ќе се применува од 1 април 1989 година, а членовите 3 и 4 од оваа одлука ќе се применуваат од 1 јануари 1989 година.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-18 од 16 март 1989 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-28
16 мај 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Павлина Стефанова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СТРУМИЦА

**196.**

Врз основа на член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/86), и член 22 став 8 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Струмица, Собранието на заедницата на предлог на Извршниот одбор донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на основните организации на здружениот труд, личниот доход од работен однос од нестопанството, земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска дејност, за обезбедување средства на општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Струмица, за 1989 година.

Член 2

Обврзници на придонесот од доход за социјална заштита се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ број 14/77 и 18/80) во областа на дејностите од 01 до 11.

Член 3

Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд.

Член 4

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за социјална заштита — Струмица, за 1989 година изнесуваат:

— придонес од доходот на организациите на здружен труд 0,50%

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанство 0,50%

— придонес од личен доход од земјоделска дејност 1,50%

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност 0,50%.

Член 5

Организациите на здружен труд од основното и средното насочено образование и социјална заштита ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 50% од утврдената стапка во член 4 на оваа одлука, односно 0,25%.

Организациите од општествената заштита на децата ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 70% од утврдената стапка по член 4 на оваа одлука, односно 0,35%, како и организациите кои вршат дејност на заштита на културни блага и од областа на сценско-уметничката дејност.

Член 6

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветни одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветни одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 7

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-51/1
25 мај 1989 година
Струмица

Претседател,
**Борка Тасева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — СТРУМИЦА

**197.**

Врз основа на член 162 точка 6 од Статутот на Општинската заедница за здравствена заштита — Струмица, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Струмица, на заедничка седница на соборите, одржана на 27 февруари 1989 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година на подрачјето на општина Струмица, се определуваат во висина од 9,60% од бруто личниот доход и другите примања, во која се содржани:

— стапките на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита — 4,20%;

— стапките на придонесот за правата од здравствена заштита над задолжителните видови и други те права од здравствено осигурување — 5,40%;

Член 2

Стапките на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести, се определува во висина од 0,60%.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход. Основицата кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Член 3

Посебниот придонес на користење на здравствена заштита во странство за деташирани работници, се определува во висина од 24% од просечниот нето личен доход остварен во матичната организација на работникот за претходната година.

Член 4

Стапката на придонесот за здравствена заштита на лицата што се привремено без работа, се определува во износ од 14,6% од нето примањата на надоместокот.

Основицата за пресметување на придонесот за здравствена заштита ја сочинуваат просечниот износ на име паричен надоместок на привремено без работните лица.

Член 5

Стапката на придонесот за здравствена заштита на лицата — работници, вработени кај самостојни работодавци, се определува во висина од 14,68% од нето личниот доход.

Член 6

За лицата кои работат по основ по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и професионално заболување во износ од 0,96% од бруто личниот доход за извршената работа по договор за дело, како и за повремени работници кои работат на продолжена работа.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за продолжување важноста на Одлуката за стапките на придонес за здравствена заштита на работниците и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство во 1988 година и во 1989 година Бр. 02-1156/1 од 28 декември 1988 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-192/1
27 февруари 1989 година
Струмица

Претседател,
**Васил Гошев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КАВАДАРЦИ

**198.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78, 43/78 и 35/85) и член 14 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Кавадарци, Собранието на Заедницата за социјална заштита на седницата одржана на 8 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА — КАВАДАРЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на основните организации на здружен труд и на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

2. Обврзници на придонесот од доходот за социјална заштита се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/77 и 18/80), во областа на дејностите од 01 до 11.

3. Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд, претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд.

4. Обврзниците од точка 2 на оваа одлука придонесот од доходот го плаќаат по стапка од 0,50%.

5. Работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен работниците и вработените кај обврзниците од областа на дејностите од 01 до 11, плаќаат придонес за Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита од личен доход од работен однос, по стапка од 1,50% на бруто личниот доход.

Организациите од областа на социјалната заштита се ослободуваат од плаќање придонес за социјална заштита на исплатениот бруто личен доход.

Граѓаните кои остваруваат личен доход од обавувањето на:

— земјоделска дејност ќе плаќаат придонес за социјална заштита по стапка од 0,80%;

— самостојна стопанска дејност по стапка од 0,60%;

— самостојна професионална дејност по стапка од 0,66%.

Организациите на здружен труд од основното, средно-насочено образование, детска заштита, ученичките и студентските домови и државните органи и организациите што се финансираат од буџетот на општината, ќе уплатат придонес во висина од 50% од општата стапка на придонесот од личниот доход од работен однос што ја уплатуваат организациите на здружен труд и другите корисници на општествените средства утврдени во став 1 на оваа точка.

6. Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на стапките на придонесите за Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита бр. 03/25 од 9 март 1989 година.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0201-59/1
8 мај 1989 година
Кавадарци

Претседател,
**Симеон Ѓорѓиев,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**199.**

Врз основа на член 25 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита Тетово, Извршниот одбор на заедницата на седницата одржана на 16 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО ЗА 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на придонесите што ги уплатуваат работните луѓе од доходот на ОЗТ и од личен доход од работен однос како и други придонеси, заради обезбедување средства на заедницата.

2. Стапките на придонесите на заедницата се утврдуваат во висина од:

— придонес од личен доход од работен однос на ОЗТ од стопанството, по стапка од 0,38%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 0,50%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,30%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 2%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 2%;

— годишен паушален износ од Општинскиот данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност по стапка од 10%.

3. Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на ОЗТ претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок на доход на ОЗТ.

Основицата за пресметување на придонесот од доходот на ОЗТ претставува остварениот доход.

4. Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на ОЗТ, а за придонесите од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

5. Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи одлуката за утврдувањето на висината на стапките на придонесите на заедницата за социјална заштита Тетово бр. 02-46 од 23 декември 1988 година.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-17/2
16 мај 1989 година
Тетово

Претседател,
**Бекир Адеми,** с. р.

**Во издание на НИРО Службен весник на СРМ наскоро ќе излезе од печат збирката**

**УСТАВ**

**НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

**и**

**УСТАВ**

**НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**— со сите амандмани на уставите, со означување на извршените измени на одделните одредби во нив.**

**Цена на збирката во претплата е 50.000 динари.**

**Порачки се примаат на адреса: НИРО Службен весник на СРМ, п. фах 51 — Скопје.**

## СОДРЖИНА

395. Одлука за изменување на Одлуката за висината на придонесот што се наплатува во полза на Црвениот крст на Македонија 409
396. Одлука за користење на средства од Посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард — — — — — — — — 409
397. Одлука за користење на дел од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година 409
398. Одлука за измена на Одлуката за висината на надоместокот за користење на податоците од премерот и катастарот на недвижностите — — — — — — — 409
399. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на дневните информативно-политички весници „Нова Македонија“ „Флака е влазримит“ и „Бирлик“ 410
400. Одлука за определување на дејностите што се вршат во деловна просторија — — 410
401. Решение за разрешување од должноста потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи — — — — — 411
402. Решение за именување републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — 411
403. Решение за разрешување од должноста советник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — — 411
404. Решение за разрешување од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — 411
405. Одлука за избор на претседател на Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување — — 412
406. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 9/89 од 12 април 1989 година — 412
407. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 12/89 од 12 април 1989 година — 412
408. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 152/88 од 12 април 1989 година — 413
409. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 28/89 од 19 април 1989 година — 414
410. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 128/88 од 19 април 1989 година 415
411. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 184/88 од 19 април 1989 година — 415
412. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 184/88 од 19 април 1989 година — 416
413. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 144/88 од 29 март 1989 година — 417
414. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 65/88 од 8 март 1989 година — 417

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

183. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година — — — — 418
184. Одлука за најнизок износ на пензија — 419
185. Одлука за начинот на приемот во доброволно пензиско и инвалидско осигурување, определување основици на осигурување и пресметување и наплатување на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување — — — — — — — — — 420
186. Одлука за измени на Одлуката за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој и инвалидите на трудот за 1989 година 421
187. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научно истражувачката дејност 421
188. Одлука за стапките и тарифата на придонесот за здравствена заштита на корисниците — работници и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1989 година 421
189. Одлука за утврдување на придонесите за финансирање на здравствена заштита на корисниците — земјоделци за 1989 година 422
190. Одлука за утврдување висината и начинот на обезбедување средства за здравствена заштита што одделни корисници на права од здравствена заштита плаќаат во постојан месечен износ — — — — — 422
191. Одлука за утврдување висината и начинот на обезбедување средства за здравствена заштита од страна на корисници — работни луѓе (самостојни занаетчии, угостители и други) за вработените работници — — — — — — — — — 423
192. Одлука за утврдување висината и начинот на обезбедување средства за здравствена заштита на корисниците повратници од странство — — — — — — — 424
193. Одлука за условите под кои се смета дека корисникот на здравствена заштита издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — — — 424
194. Одлука за утврдување висината на придонесот на ОСИЗ за социјална заштита — Дебар за 1989 година — — — — — 425
195. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1989 година — 425
196. Одлука за утврдување стапките на придонесите за социјална заштита на општина Струмица за 1989 година — — — — 426
197. Одлука за стапките на придонесите за здравствена заштита на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство во 1989 година — — — — — — — 426
198. Одлука за утврдување на стапките на придонеси за финансирање на социјална заштита во општината — Кавадарци во 1989 година — — — — — — — — 427
199. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита — Тетово за 1989 година — — — — — 427

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ бб Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**